Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 став 1 алинеја 6 и член 117 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16) на седницата одржана на 02.02.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за одобрување на Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија за греење на Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје**

1. Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија на Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје бр. 03-134 од 23.01.2017 година, СЕ ОДОБРУВААТ.
2. Се задолжува Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија, одобрени со ова Решение да ги објави во „Службен весник на Република Македонија“.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје согласно член 117 од Законот за енергетика до Регулаторната комисија за енергетика на ден 23.01.2017 година достави предлог текст на Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија, заведени во Регулаторната комисија за енергетика под архивски број 11-150/1 заради одобрување.

Предложениот текст беше разгледуван и усогласуван со работната група за изготвување на правилници од областа на топлинска енергија формирана од Регулаторната комисија за енергетика. По усогласувањето на предлог текстот на Мрежните правила, Регулаторната комисја за енергетика закажа подготвителна седница која се одржа на ден 30.01.2017 година, во просториите на Регулаторната комисија за енергетика.

На подготвителната седница беа дадени неколку помали забелешки на предлог Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија од страна на присутни претставници на вршители на енергетски дејности од областа на топлинска енергија и други институции, како и од членовите на комисијата.

По забелешките на предлог текстот на Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија, Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје ги изврши бараните корекции на текстот на Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија заради одобрување.

На ден 02.02.2017 година се одржа редовна седница на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија. На редовната седница Регулаторната комисија за енергетика одлучи да се одобрат Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија на Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, доставени на 23.01.2017 година и заведени од страна на друштвото со архивски број 03-134.

Имајќи го предвид наведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката, во рок од 15 дена од денот приемот.

**Бр. 02-213/1**
**02.02.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Димитар Петров**

Прилог: МРЕЖНИ ПРАВИЛА ЗА ДИСТРИБУЦИЈАНА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ЗА ГРЕЕЊЕ